ДО
УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Подносител на иницијативата:
Татјана Чакулев
[redacted]

# ИНИЦИЈАТИВА

**за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт “СЗ 19 (Влае 2)“, опфат помеѓу бул. “Партизански одреди“, ул “Ацо Шопов“, ул. “Војвода Васил Чакаларов” (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош - Скопје , („Службен гласник на општина Карпош“ бр. 9/2016)**

Врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 12 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, до Уставниот суд поднесувам иницијатива за оценување на согласноста на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за градска четврт “СЗ 19 (Влае 2)“, опфат помеѓу бул. “Партизански одреди“, ул “Ацо Шопов“, ул. “Војвода Васил Чакаларов” (Циборовски) и река Вардар, („Службен гласник на општина Карпош“ бр. 9/2016) со:

- Член 8 став 1 алинеја 3 и 10; член 43, член 51 од Уставот на Република Македонија;

- Член 28 од Законот за просторно и урбанистичко планирање

- Член 65 од Законот за животна средина

Во член 8 став 1 алинеи 3 и 10 од Уставот е предвидено дека темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се владеењето на правото и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Во член 43 од Уставот е предвидено дека секој човек има право на здрава животна средина и дека секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата.

Во член 51 е предвидено дека во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Во член 28 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање е предвидено дека донесувачот на урбанистичките планови и урбанистичко-планската документација од став (1) на овој член е должен по донесување на годишната програма од член 20 став (1) на овој закон, да донесе одлука за спроведување или одлука за неспроведување на стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето, во која се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето на оценката, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина.

Според Законот за животна средина (член 65 став 6) органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе одлука за спроведување или одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите утврдени во прописот од ставот (4) на овој член. Во случаите од ставот (6) на овој член кога е потребно спроведување на стратешка оцена на влијанието врз животната средина, со одлуката од ставот (6) на овој член се определува и обемот на стратегиската оцена. Одлуката од ставот (6) на овој член ја донесува органот што го подготвува планскиот документ. Според член 65 став 10 органот што го подготвува планскиот документ во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (6) на овој член, заедно со формуларите од ставот (20) на овој член е должен да ги објави на својата веб страница на начин пропишан со актот донесен согласно со членот 61 став (8) од овој закон.

О б р а з л о ж е н и е:

1. Сметаме дека при изготвувањето на оспорениот ДУП, општина Карпош не ги почитувала наведените уставни и законски одредби, односно дека се направени повеќе пропусти во постапката за донесување на наведениот ДУП. Имено сметаме дека донесувачот на Деталниот урбанистички план за Градска четврт „СЗ 19 (Влае 2)“, опфат помеѓу бул. “Партизански одреди“, ул “Ацо Шопов“, ул. “Војвода Васил Чакаларов” (Циборовски) и река Вардар, не ја објавил Одлуката за неспроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот на веб страницата на општината Карпош, која што обврска е предвидена во Законот за животна средина.

Во прилог на ова наше тврдење како доказ поднесуваме изводоци (print screens) од сите одлуки објавени на огласната табла на општина Карпош во периодот пред објавување на јавна анкета до донесување на овој Детален урбанистички план, односно во периодот од 24.12.2014, датум кога е донесена годишната Програма за урбанистичко планирање за 2015 година до 12.07.2016.

Користевме и неколку алатки за пребарување на содржината и таква содржина не постои ниту па траг за неа. Сметаме дека со ова е нарушена постапката за донесување на Деталниот урбанистичкиот план.

Со необјавувањето на Одлуката за неспроведување на Стратегиска оцена, ни беше оневозможено правото на жалба по таа одлука кое ни следи спред член 65 став 11 од Законот за животна средина. Овој член предвидува дека против одлуката од ставот (6) на овој член, јавноста има право на жалба во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата на органот кој го подготвува планскиот документ, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кога одлуката ја носи градоначалникот на општината, општината во градот Скопје или градоначалникот на градот Скопје, односно до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кога одлуката ја носи орган на државната управа.

Со оглед на тоа што стратегиската оценка за влијанието на планот врз животната средина претходи на донесувањето на конечната одлука за донесување на урбанистичкиот план, сметаме дека таа е составен дел на постапката за донесување на деталниот урбанистички план, чија што уставност и законитост ја испитува Уставниот суд на Република Македонија. Ова произлегува и од досегашната работа на Уставниот суд и одлуките објавени на веб страницата на Судот (Решение У.број 172/2010, У.број 222/2011, У.број 6/2013, У.број 73/2013 и други) од кои може да се види дека Уставниот суд при оценката на деталните урбанистички планови ги ценел и овие аспекти и утврдувал дали била спроведена или не постапка за стратегиска оценка, што било документирано со одлуки на Министерството за животна средина.

Поради наведените причини и повреди на постапката на донесување на овој ДУП, сметаме дека со него е загрозена темелната вредност на уставниот поредок на Република Македонија од член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија и дека истиот е донесен спротивно на член 28 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и член 65 од Законот за животна средина, поради што бараме Уставниот суд да донесе:

1. Решение за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт „С3 19 (Влае 2)“, опфат помеѓу бул. “Партизански одреди“, ул “Ацо Шопов“, ул. “Војвода Васил Чакаларов” (Циборовски) и река Вардар, усвоена од Советот на Општина Карпош на 12.07.2016 и објавена во „Службен гласник на општина Карпош“ бр. 9/2016).

Со оглед на тоа што со реализацијата на овој урбанистички план би можеле да настанат тешко отстранливи последици, предлагаме до донесувањето на конечната одлука за поништување на планот, Уставниот суд да донесе и времена мерка според член 27 од Деловникот на Уставниот суд, односно да донесе

2. Решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорената Одлука за донесување на наведениот ДУП.

Подносител на иницијативата

Татјана Чакулев

----------------------

18.10.2017 год. Скопје